# ОРИЕНТАЦИОНА ПРОГРАМА

## НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ВЕТЕРАНИ И РЕЗЕРВИСТИ ОД ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОНСТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА МАНДАТНИОТ ПЕРИОД 2026 – 2030 ГОДИНА

### I ОПШТИ ОПРЕДЕЛБИ

**Програмските активности на Здружението за наредниот мандатен период ќе се реализираат низ програмски дејности во рамките на следните општи определби:**

- Зацврстување на свеста и уверувањето на членството за потребите и можностите за ефикасна одбрана и безбедност на Република Северна Македонија;
- информирање на членството за актуелните одбранбено-безбедносни состојби во окружувањето и нивното влијание врз одбраната и безбедноста на Република Северна Македонија;
- јакнење на моралниот дух и патриотските чувства и негување на одбранбените и безбедносните традиции на припадниците на македонскиот народи и на деловите од другите народи кои живеат во Република Северна Македонија;
- афирмирање на одбраната и безбедноста на Републиката и пружање помош на органите и институциите на одбраната и безбедноста за организирање и обучување на активните и резервните состави;
- развивање на општествена дејност за поддршка на органите и институциите на одбраната и безбедноста на Република Северна Македонија;
- следење на прописите од областа на одбраната и безбедноста и давање творечки придонес за нивно усовршување и ефикасно спроведување;
- придонес во развојот на демократијата во органите и институциите на одбраната и безбедноста и во контролата над армијата и полицијата;
- пружање на поддршка на органите и институциите на одбраната при остварувањето на нивните обврски во рамките на НАТО и промовирање на Република Северна Македонија како респективен член на НАТО;
- учество во обележување на значајни настани и јубилеи од нашето историско минато;
- грижа за остварување на правата на членовите на Здружението и за подобрување на нивната материјална и социјална положба;
- одржување, развивање и проширување на пријателските врски и другарството меѓу членовите на Здружението.

## II. ПРОГРАМСКИ ДЕЈНОСТИ

1.**Во рамките на наведените општи определби** ќе извршиме измени и дополнувања на Статутот на Здружението заради негово усогласување со настанатите промени во окружувањето и новиот Закон за Здруженија на граѓаните, допрезицирање на организациската поставеност на Здружението со измени и дополнувања во одредбите за органите и телата на Здружението со цел да се подобри нивната ефикасност.

2. **Во рамките на студиско рекреативната дејност** ќе продолжиме со организација на студиско рекреативни патувања, како и досега - по две годишно, со тежиште на регионите кои што не сме ги посетиле (подрачјето на Азот, Битолскиот дел од Мариово, Реканскиот крај, Североистокот на Македонија и . сл.)

3. **Во рамките програмска дејност прослави и излети** ќе продолжиме со традиционалните предновогодишни седби, традиционалните средби по повод Стара нова година и осмомартовските прослави. Исто така ќе продолжиме со организација на излети во околината на Скопје, а и пошироко.

4. **Во рамките на стручно научната дејност** ќе продолжиме со организација на трибини за актуелните политичко безбедносни случувања во Републикава и во светот со покани на истакнати стручњаци за соодветната проблематика, како и со популарни предавања од интерес за членовите на Здружението потпирајќи се на сопствените потенцијали како и на потенцијалите од другите здруженија од областа на одбраната и безбедноста.

**5. Во рамките на рекреативната дејност** ќе продолжиме со досегашните активности на учество на гаѓања, како и други спортски и рекреативни активности во соработка со здруженијата со кои имаме потпишано меморандуми за соработка, а ќе развиваме и сопствени рекреативни активности, доколку условите ни овозможуваат.

**5.Во рамките на издавачката дејност** ќе работиме не реализација на идејата за издавање на Монографија за искуствата во изградбата на одбранбено безбедносниот системна РСМ од нејзиното осамостојување до денес.

**6. Во рамките на програмската дејност одбележување и учество на одбележувањето на значајни историски настани** ќе продолжиме со досегашните активности и ќе оствариме контакти со надлежните органи за да бидеме повикувани и за учество о одбележувањето на други настани од историското минато на Македонскиот народ и деловите од други народи кои живеат во Републикава.

**7. Во рамките на програмската дејност** промоции на книги на членови на ЗВРОБ и учество на промоциите продолжиме со досегашните активности со особен нагласок на пружање техничка советодавна и друга стручна помош на авторите.

**8. Во рамките на програмската дејност соработка со други органи, организации и здруженија** ќе работиме на интензивирање на соработката и взаемната помош со другите здруженија од областа на одбраната и безбедноста врз основа на принципите на взаемна доверба и почитување. Покрај тоа ќе склучиме меморандуми за соработка

со други здруженија со цел на проширување на соработката на Здружението со остатокот од невладиниот сектор на Републикава. Ќе ја интензивираме соработката со Генералштабот на АРСМ, со Министерството за одбрана со цел за одобрување средства за работа на Здружението, како и со Град Скопје и Општина Центар.

**9. Во рамките на програмската дејност меѓународна соработка** ќе ја интензивираме веќе воспоставената соработка со Здружението на доброволци и ветерани на татковинската војна на Република Хрватска, ќе ја обновиме соработката со соодветни здруженија од Република Србија, Република Црна Гора, Република Бугарија и Република Албанија. Планираме да поканиме претставници на овие здруженија на прославата на 25 годишнина од формирањето на ЗВРОБ во септември оваа година.

**10. Работа на ограноците на ЗВРОБ.** Органите на Здружението ќе продолжат со интензивна поддршка на ограноците во другите градови: со стручна помош, размена на мислења и совети и ќе ја помагаат независноста на трошењето на средствата кои тие ги добиваат од единиците на локалната саламурава и другите субјекти на локално ниво. Ќе работат на формирање на ограноци на Здружението во градовите во кои што постојат услови и мотивација за тоа.

**11. Други активности.** Претседателството ќе преземе активности за отворање и одржување на интернет страница на Здружението, како и за редовно пополнување на Фејсбук профилот со слики и информации од активностите на Здружението. Ќе се ажурира и одржува и Вајбер групата на членовите на Здружението.

Претседателството стои на стојалиште дека Здружението има капацитети да ги реализира активностите во рамките на овие програмски дејности преку годишни програми за работа и Планови за реализација на тие програми.

.